**Видео 15: Закон за управување со дополнителни текови на отпад**

Во ова видео ќе зборуваме за законските правила за управување со дополнителните текови на отпад и за проширената одговорност на производителите за управување со посебните текови на отпад.

Текстилот, гумите, маслата, возилата заедно со нивните вградени делови и материјали како и отпадите од овие производи се сметаат за дополнителни текови за отпад, чие управување е посебно регулирано.

Министерот за животна средина и просторно планирање ја пропишува Листата на видови на дополнителни текови на отпад.

Законодавството воспоставува повеќе забрани кога се работи за начинот на постапување со дополнителните текови на отпад.

Производителот е должен да ги информира крајните корисници за законската забрана за оставање на отпадните производи и делови и материјали од отпадните возила како неселектиран комунален отпад и обврската на корисникот за одделно собирање на отпадните производи и делови и материјали од отпадните возила.

Тој исто така информира за системите за повратен прием и собирање на отпадните производи, но и за најблиското место за нивното предавање во случаите кога му е дозволено да одбие преземање на отпадните производи.

Производителот треба да информира и како може корисниците да придонесат за реупотреба, рециклирање и другите начини за преработка, но и за можните негативни влијанија и последици врз здравјето на луѓето и животната средина како резултат на присуството на опасни супстанции во отпадните производи и делови и материјали од отпадните возила.

Трговеците се должни да ги примат бесплатно назад отпадниот текстил или отпадните гуми доколку тие се од ист вид и доколку нивниот број е барем еднаков на бројот на продадени парчиња (систем еден на еден).

Трговецот може да одбие повратен прием на овие отпадни производи доколку тие се до толку оштетени или загадени што може да ја загрозат животната средина и здравјето на луѓето, но во ваквите случаи мора да го извести крајниот корисник за местата каде тој може да ги предаде.

Законите утврдуваат Националните цели за собирање на отпадни производи и отпадни возила од количеството на производите и возилата пуштени на пазарот. Според нив предвидените податоци за постигнување на овие цели во временски рок од 2025 до 2032 година се претставени на дијаграмот.

Крајниот корисник дополнителните текови на отпад мора да ги собира и чува одвоено од комуналниот отпад или другите видови отпад и да ги предаде на трговец, собирач на отпадни производи или во друго место за преземање и собирање кое е определено на локално или регионално ниво.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Предавањето е бесплатно освен во случаите кога законите овозможуваат наплаќање за оваа активност.

Инспекцискиот надзор над управувањето со дополнителните текови на отпад го врши Државниот инспекторат за животна средина, Државниот пазарен инспекторат и општинските инспектори за животна средина. Законите вршат разграничување за кои аспекти е надлежен секој од овие инспекциски органи.

Во Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад пропишано е дека производителот е должен да се грижи за отпадот што се создава од производот што го пушта на пазарот и тоа почнувајќи од моментот на дизајнирање на производот, потоа видот на суровините и материјалите што се употребуваат, особено за количината од истите што може да се искористи и за количината што останува по производството, дали остатокот може реупотреби, преработи и како да се отстрани.

Тој мора да се грижи за отпадот што се создава по употребата на производот, преку воспоставување на самостоен систем или со вклучување во систем на колективен постапувач за управување со посебни текови на отпад.

Обврските за проширена одговорност производителот може да ги оствари преку:

**Плаќање надоместок** за управување со посебен тек на отпад на начин и во висина како што е утврден во прописите за посебните текови на отпад.

Со воспоставување на **самостоен систем** за управување со посебен тек на отпад, кога таа можност е утврдена во прописот за постапување со тој посебен тек на отпад, односно со вклучување во систем на **колективен постапувач** за управување со посебен тек на отпад.

Доколку производителот не плаќа надомест за управување со посебен тек на отпад, неговата обврска за грижа за отпадот треба да се спроведе преку колективен или самостоен постапувач со отпад.

**Колективниот постапувач** е **непрофитно правно лице**, основано од најмалку двајца производители (основачи), чија цел е спроведување на активности за управување со посебен тек на отпад заради остварување на проширена одговорност на производителите кои се негови членови.

Остварената добивка од своето работење, тој не смее да ја распредели како приход на основачите, туку е должен истата исклучиво да ја користи за извршување на обврските за управување со посебен тек на отпад согласно со одредбите на овој закон.

**Самостојниот постапувач** самостојно, со сопствени средства преку основање на **посебно непрофитно правно лице**, ги презема обврските за посебните текови на отпад врз основа на дозволата за тек на отпад издадена од Управата за животна средина.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Тој секоја остварена добивка од постапувањето со посебниот тек на отпадот не смее да ја распредели како сопствен приход, односно приход за производителот основач и е должен истата исклучиво да ја користи за поефикасно извршување на обврските за управување со посебен тек на отпад.

Производителот кој има склучено договор за управување со посебен тек на отпад во негово име и негова сметка, е должен на сметка на колективниот постапувач, да му плати надоместок за извршена услуга најмалку еднаш на три месеци во висина и на начин како што е предвидено во договорот.

Од средствата собрани од надоместокот, колективниот, односно самостојниот постапувач е должен **најмалку 65%** да ги потроши за инвестирање во инфраструктура, собирање, транспорт, преработка, рециклирање и отстранување на отпадни производи.

И колективниот и самостојниот постапувач, со цел информирање на јавноста и подигање на јавната свест за управување со посебните текови на отпад, се должни **најмногу 10%** од вкупно остварениот приход од претходната година да го потрошат на активности за информирање на јавноста и подигање на јавната свеста за да се поттикне интересот за управување со отпад, одделното собирање и рециклирање и постигнување повисоки стапки на исполнување на националните цели.

Македонското здружение на млади правници нуди правна поддршка на еколошките граѓански организации. Контактирајте го здружението и информирајте се детално за активностите кои можете да ги преземете.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.